**Образец бр.2, 3-а и 3-б**
**Важност 23.11.2018**

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# БАРАЊЕ
## од член на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје за исплата на пензиски надоместок – еднократна или повеќекратна исплата

Име и презиме:

Датум и место на раѓање:

Пол ☐ М ☐ Ж

МБГ ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐

Адреса на живеење:

Адреса за кореспонденција:

*(ако е различна од адресата на живење)*

Контакт-телефон:

**Го избирам следниот вид на исплата на пензиски надоместок:**

1) Еднократни исплати ☐

2) Повеќекратни исплати ☐

а) Месечни исплати (во поединечен бруто износ од ____________________ МКД, до искористување на сите средства акумулирани на доброволна индивидуална и/или професионална сметка)
б) Квартални исплати (во поединечен бруто износ од ____________________ МКД, до искористување на сите средства акумулирани на доброволна индивидуална и/или професионална сметка)
в) Годишни исплати (во поединечен бруто износ од ____________________ МКД, до искористување на сите средства акумулирани на доброволна индивидуална и/или професионална сметка)
**Доколку износот на последната исплата е понизок од износот дефиниран во Договорот за повеќекратни исплати склучен со КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, пензиското друштво исплаќа онолку средства колку што пензионираниот член има на доброволна индивидуална и/или професионална сметка и веднаш потоа ја затвора сметката.*

**Барам исплата на пензиски надоместок од средствата акумулирани на мојата:**

1) Доброволна индивидуална сметка ☐

2) Професионална сметка ☐

3) Двете сметки истовремено (спојување на средствата акумулирани на двете сметки) ☐

Број на трансакциска сметка

***<u>Изјава за согласност за користење на лични податоци (3-а)</u>***
Согласно Законот за заштита на лични податоци, изјавувам дека сум согласен/на моите лични податоци (фотокопија од лична карта или друг документ за лична идентификација) да бидат искористени во постапката за исплата на пензиски надоместок од мојата доброволна индивидуална сметка и/или професионална сметка во КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје на мојата трансакциска сметка.

***<u>Изјава за носител на јавна функција (3-б)</u>***
Со ова барање, изјавувам, под морална, кривична и материјална одговорност дека:
а) НЕ СУМ носител на јавна функција
б) СУМ носител на јавна функција ___________________________________________________ (да се наведе функцијата) и/или лице поврзано со лице носител на јавна функција
Воедно изјавувам дека се обврзувам во иднина да го известам КБ Прво пензиско Друштво АД Скопје доколку го променам (стекнам/престанам да имам) својството на носител на јавна функција.
*** Дефиниција за носители на јавна функција и/или лица поврзани со нив согласно важечката законска регулатива во Р Северна Македонија**
**„Носители на јавни функции“**, согласно важечката законска регулатива во РСМ се физички лица на кои им е или им била доверена јавна функција во Р Северна Македонија или во друга држава, како: претседатели на држави и влади, министри и заменици или помошници министри; избрани претставници во законодавна власт; судии на врховни или уставни судови или други носители на високи правосудни функции против чија одлука, освен во исклучителни случаи, не може да се користат правни лекови; членови на органи на управување на супервизорски и регулаторни тела и агенции, државна ревизорска институција и членови на одбор на централна банка; амбасадори; офицери од висок ранг во вооружените сили (чинови повисоки од полковник); избрани и именувани лица согласно закон и членовите на органите на управување и надзор на правни лица основани од државата; лица со функции во политички партии (членови на извршните органи на политичките партии); лица на кои им е или им била доверена истакната функција во меѓународна организација, како: директори, заменици директори, членови на управни и надзорни одбори или други еквивалентни функции и градоначалници и претседатели на совети на општини.

Лицата се сметаат за носители на јавни функции најмалку две години по престанокот на извршувањето на јавната функција, а врз основа на претходно спроведена проценка на ризик.
Поимот „носители на јавни функции“ вклучува и:
а) членови на семејството на носителот на јавна функција и тоа:
- брачен другар или лице со кое носителот на јавна функција е во вонбрачна заедница
- деца и нивни брачни другари или лица со кои децата на носителот на јавна функција се во вонбрачна заедница или
- родители на носителот на јавна функција

б) лице кое се смета за близок соработник на носителот на јавна функција е физичко лице:
- за кое е познато дека има заедничка правна или вистинска сопственост врз правно лице, има склучено договори или воспоставено други блиски деловни врски со носителот на јавна функција, или
- кое е единствен вистински сопственик на правно лице или правен аранжман за кое е познато дека се основани во корист на носителот на јавна функција

Во прилог на ова барање доставувам:
- Фотокопија од лична карта или патна исправа
- Фотокопија од трансакциска сметка

Датум и место:

Потпис:

**Информација за обработка на личните податоци**

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје врши обработка на Вашите лични податоци со цел остварување на Вашите права во постапката на исплата на пензиски надоместок од трет столб.

Друштвото обработката на личните податоци ја врши согласно Законот за заштита на личните податоци и применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци. Личните податоци се чуваат согласно роковите од регулативата.

Вашите права поврзани со обработката на лични податоци (право на пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката, приговор за обработката, преносливост на податоците) може да ги остварите со обраќање до КБ Прво пензиско друштво АД Скопје на адреса: ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр. 6, Скопје, или преку е-маил адреса: contact@kbprvo.com.mk. Повеќе информации за обработката на лични податоци може да најдете на нашата интернет-страна https://www.kbprvo.com.mk/.